Согласно Член 99 од Законот за високото образование (Сл.весник на Р.М. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11 и 15/11) и Правилникот за начинот и условите за организирање на практична настава за студентите, Економскиот факултет-Скопје, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје го донесе следното

УПАТСТВО ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПРАКТИЧНА НАСТАВА

За поголема информираност и почитување на постапката за остварување на практична настава ги известуваме студентите за следново:

1. Студентот може да оствари практична настава само во организации – установи со кои Економскиот факултет-Скопје при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје има склучено Договор за изведување на практична настава за студенти (списокот на организациите – установите е истакнат на веб страната на Факултетот).

2. Практичната настава е во времетраење не помалку од 30 дена и не повеќе од 3 месеци, и не помалку од 1 час ниту повеќе од 8 часа во денот.

3. Пред почетокот на практичната настава од страна на Факултетот на студентот му се издава документ – потврда (упатница) за негово упатување до организацијата – установата каде ќе се реализира наставата, потпишана од Деканот.

4. Во текот на реализација на практичната настава студентот е под надзор на ментор од Факултетот кој одговара за успешно реализирање на практичната настава.

5. Студентот за време на реализација на практичната настава води Дневник за секојдневните активности.

6. По завршување на практичната настава, студентот е должен да достави до Факултетот (поточно во Службата за студентски прашања, при уписот на година во септември) потврда за остварената практична настава, заверена од страна на организацијата – установата каде ја реализирал истата.

НАПОМЕНА: Доколку студентот сака да оствари практична настава во организација со којашто Факултетот нема склучено *Договор за изведување практична настава на студенти,* тогаш студентот треба да ја информира организацијата дека е потребно да стапи во контакт со **marijanasekulovska@eccf.ukim.edu.mk** со цел регулирање на Договорот за практична настава.